**Даночен календар:**

- Обврзникот на данокот на имот е должен да поднесе даночна пријава до 31 јануари во годината за која се врши утврдување на данокот.
- За имотот што го стекнува или почнува да го користи во текот на годината или ако по некоја друга основа настанува даночна обврска, обврзникот е должен да поднесе даночна пријава во рок од 15 дена од денот на стекнувањето на имотот, или од отпочнувањето на користењето на имотот, односно од настанувањето на даночната обврска.
- **Градоначалникот на општината, градоначалникот на општините во градот Скопје и градоначалникот на градот Скопје донесува решение за висината на данокот на имот најдоцна до 31 март во годината за која се утврдува данокот на имот и му доставува решение на даночниот обврзник за утврдениот данок.**
- Обврзникот на данокот на наследство и подарок е должен да поднесе даночна пријава во рок од 15 дена од денот на настанувањето на даночната обврска
- Обврзникот на данокот на промет на недвижности е должен да поднесе даночна пријава во рок од 15 дена од денот на настанувањето на даночната обврска
- Данокот на имот се плаќа тримесечно и пристигнува за наплата во средината на секое тримесечје или во рок од 15 дена од денот од доставувањето на решението
- Данокот на наследство и подароци и данокот на промет на недвижности се плаќаат во рок од 15 дена од денот на доставувањето на решението за утврдената даночна обврска